ТЕХНОГУМА



# ПОЛИТИКА ЗА КВАЛИТЕТ И ЖИВОТНА СРЕДИНА

**Техногума** е компанија за **производство на гума , гумено технички производи, гумирање на валци и изработка на метални делови и алати**.
Комбинацијата од тимска работа и современа технологија ни овозможуваат единствен квалитет и успех во она што го работиме уште од 1986 година.
Професионалниот тим е одговорен за реализација на искажаните реални барања на корисниците на производите и услугите, онака како што ќе посакат и секогаш е достапен за вас да одговори на сите ваши прашања.

Нашата мисија е да бидеме најдобри во земјата и препознатливи по квалитетна и сигурна испорака на сите производи и услуги што ги обезбедуваме за клиентите, и истите да ги исполнуваат барања на корисниците на производите и услугите, како и важечките закони и прописи.
Освојувањето на странските пазари е наша цел за подолг период.
За да ги оствариме нашите цели се придржуваме кон:

- Постојана комуникација со клиентите, разгледување на мислењата и сугестиите на заинтересираните страни и превземање на соодветни мерки за унапредување на заштитата на животната средина;
- Навремена и квалитетна испорака на производите;
- Взаемна доверба со добавувачите;
- Управување со процесот на производство врз основа на барањата на стандардите ISO 9001:2015 и ISO14001:2015, преку воспоставување, спроведување и постојано подобрување;
- Идентификација на аспектите на животната средина до кои се доаѓа или може да се дојде и ставање под контрола на значајните за животната средина;
- Изврушување на активностите во согласнот со применливите законски и други барања за животна средина и посветеност за исполнување на обврската за усогласеност;
- Лидерска улога на раководството во сите процеси на интегрираниот менаџмент систем;
- Тимска работа и искористување на производниот и креативен потенцијал на секој вработен, како и штедење ресурси и енергија, намалување на употребата на штетни материи и количината на отпад;
- Наобразба и поттикнување на вработените да делуваат превентивно и постојано да ја подобруваат заштитата на животната средина, целосна грижа кон работната средина и придржување на принципите за квалитет;
- Следење на технологијата и одржување и развивање на производните и други капацитети;
- Информирање на корисниците и заинтересираните страни за сопствената определба за заштита на животната средина.

**Нашето мото е:**

***КОНСТРУИРАНО И ПРОИЗВЕДЕНО ДА ОДГОВАРА НА ВАШИТЕ ПОТРЕБИ !***

Скопје, 15/10/2018

**Софија Николоска**
Управител

ТЕХНОГУМА ДОО Друштво за производство, трговија увоз-извоз Скопје

tehnoguma@tehnogumask.com.mk
www. tehnogumask.com.mk